РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr______
19-05-2022 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформенпо пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 67-мата седница одржана на 13.05.2022 година ја донесе следната

*ОДЛУКА*

Пријавата заведена под број 12-1900/1 од 10.03.2022 година,во која се изразува незадоволство од повеќе институции, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што во пријавата се содржани наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмет со иста/слична фактографија на наводи со предметните наводи и се има произнесено по однос на истите и има донесено одлука од своја надлежност.

Предметот со број 12-1900 од 2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Од страна на познат подносител, ------------ на ден 10.03.2022 година, поднесена е пријава во која се изразува незадоволство од повеќе институции и оформен е предмет број 12-1900 од 2022 година.

Во пријавата подносителот наведува дека заради повреда на индивидуално право веќе се обратила до повеќе надлежни институции од каде не бил добиен соодветен третман, како што било очекувано од страна на подносителот на пријавата.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што во пријавата се содржани наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмет од истиот подносител, со иста/слична фактографија на наводи со предметните наводи и се има произнесено по однос на истите, по што донесена е одлука од нејзина надлежност со бр. 12-198/2 од 03.02.2022 година.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:- подносителот на пријавата
Изготвил: м-р К.З.
Одобрил: С.П.Д. Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Нури Бајрами**

Адреса: ул.Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. PresvetaBogorodicanr.3, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk